РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

Упп Бр. 03-3

Скопје 11.05.2023г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ја разгледа Вашата Претставка (наш бр. 03-3 од 09.05.2023 година) во врска со прилогот со наслов „8 Мртви и 13 повредени во второ масовно убиство во Србија", емитуван во Дневникот на ТВ Сител на 05.05.2023 во 16 часот при што констатираше дека информирањето на медиумот е во рамките на независната уредничка политика, но сепак, на ТВ Сител му беше укажано оти:

- При известувањето за вакви настани треба да се придржува кон начелата за „*негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста*" и за „*заштита на идентитетот на жртвите на насилство*";
- Согласно Правилникот за заштита на малолетните лица „*кога вестите и информативните програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што можат штетно да влијаат врз малолетните лица, оправданоста на нивното прикажување мора да се темели врз одговорна уредничка проценка за неопходноста на деталите од таквиот материјал*";
- Содржините кои можат да ги вознемираат малолетниците мора да се емитуваат „*во временски периоди од програмската шема кога се очекува дека малолетниците не ја следат програмата*".
- Доколку во вестите се известува за малолетни лица кои се сторители, сведоци или жртви на кривични дела, радиодифузерите треба да внимаваат да не објавуваат какви било информации кои можат да укажат на нивниот идентитет;
- Прилогот, на почетокот беше најавен со предупредувачки коментар од страна на новинарот, како што е пропишано во Правилникот, меѓутоа неговото емитување не беше проследено *"со новинарски и/или со стручен коментар кој ќе овозможи објактивност на информативната перспектива"*.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**